РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 366/4

09 06 20 22 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 37 седница одржана на 06.05.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Математика, математичко образование", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет во Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Математика, математичко образование", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет во Тетово, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по математичко образование /во меѓународен промет академски студии назив: Master of mathematical education.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки
Научно – истражувачко поле: 109 Математика
Научно – истражувачка област: 10900 Математика, 10901 Алгебра, 10902 Анализа и функционална анализа, 10903 Диференцијални равенки,10904 Функции, 10905 Геометрија, 10906 Математичка логика, 10907Математичка статистика и операциони истражувања, 10908 Теорија на броеви, 10909 Теорија на веројатност, 10910 Теорија на графови, 10911 Топологија, 10912 Применета математика и математичко моделирање, 10913 Програмирање, 10914 Други.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 60 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 1098/3 од 26.03.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Математика, математичко образование , втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Природно - математички факултет, Универзитет во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со ниven бр.15 - 519/3 од 26.03.2021 година (наш бр. 08 - 366/1 од 31.03.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 366/3 од 16.05.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 37 та седница одржана на 06.05.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова